**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕТО ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ**

Член 1

Во Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005 и 50/2006), во членот 27 став 4 по запирката се додаваат зборовите: "во рок од 15 дена од денот на доставувањето на комплетна и уредна документација".

Член 2

Во членот 93 став 1 зборовите: "може да" се заменуваат со зборот "ќе", а по алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

"- ако во рок од два последователни квартали Агенцијата покажува негативни финансиски резултати во работењето."

Член 3

Во членот 95 став 1 по зборовите: "финансирање на" се додаваат зборовите: "активните политики и мерки за вработување и на".

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Висината на средствата за финансирање на активните политики и мерки за вработување се утврдува со акт на Агенцијата за вработување, која не може да биде пониска од 5% од обезбедениот износ на средства од придонесот за вработување што го пресметува и уплатува работодавачот од бруто платата на работникот."

Член 4

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**LIGJ**
**PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PUNËSIM DHE SIGURIM NË RAST TË PAPUNËSISË**

Neni 1

Në Ligjin për punësim dhe sigurim në rast të papunësisë ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005 dhe 50/2006), në nenin 27 paragrafi 4, pas presjes shtohen fjalët: "në afatin prej 15 ditësh nga dita e dërgimit të dokumentacionit të kompletuar dhe të rregullt".

Neni 2

Në nenin 93 paragrafi 1, fjalët: "mund të" zëvendësohen me fjalët: "do të", ndërsa pas alinesë 5 shtohet aline e re 6, si vijon:

"nëse në afatin prej dy tremujorësh të njëpasnjëshëm, Agjencia tregon rezultate negative financiare në punë".

Neni 3

Në nenin 95 paragrafi 1, pas fjalëve: "financimin e", shtohen fjalët: "politikave dhe masave aktive për punësimin edhe të".

Pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3 si vijon:

"Lartësia e mjeteve për financimin e politikave dhe masave aktive për punësim përcaktohet me aktin e Agjencisë për Punësim, e cila nuk mund të jetë më e ulët se 5% e shumës së siguruar të mjeteve nga kontributi për punësim, që e llogarit dhe e paguan punëdhënësi nga rroga bruto e punëtorit".

Neni 4

Autorizohet Komisioni juridik – ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë ta verifikojë tekstin e spastruar të Ligjit për punësim dhe sigurim në rast të papunësisë.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**433.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 февруари 2007 година.

Бр. 07-959/1
27 февруари 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА**

Член 1

Во Законот за вработување на инвалидни лица ("Службен весник на Република Македонија" број 44/2000, 16/2004, 62/2005 и 113/2005), во членот 15 став 1 бројот "10%" се заменува со бројот "5%".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR PUNËSIMIN E PERSONAVE INVALIDË**

Neni 1

Në Ligjin për punësimin e personave invalidë ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 44/2000, 16/2004, 62/2005 dhe 113/2005), në nenin 15 paragrafit 1, numri "10%" zëvendësohet me numrin "5%".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".